ОУ „Св.Климент Охридски“ - Битола

# СВЕТЛИНИ

8 Декември 2016 број 28



# СИТЕ ЗАЕДНО ВО ИЗГРАДБА НА ЕДНА ПОУБАВА И ПОСИГУРНА ИДНИНА

Во тек е уште една учебна година која верувам дека ќе помине во една позитивна атмосфера, со многу радост, ентузијазам и добра волја, во која успешно ќе се носиме со новите предизвици, обврски и многубројните цели кои со Развојниот план за 2016/17 си ги поставивме пред себе.

Нашата визија е да бидеме училиште кое постојано учи, во кое учениците се чувствуваат добро и активно партиципираат, училиште кое на своите ученици може да им осигура развој на сите нивни потенцијали, успешно продолжување на образованието и да ги подготви за современите потреби на општеството и светот на трудот. Се радуваме на секој мал чекор и успех на тој пат.



Ако се земат во предвид, големиот човечки потенцијал и стручната екипираност на вработените, особено наставниот кадар, каде имаме добро избалансирани односи помеѓу младоста и амбицијата од една страна и искуството од друга, со добри меѓучовечки односи и добра работна атмосфера, училиштето ги има сите услови, со соодветна организација на работата, да постигне квалитетни резултати на нивото кое ова училиште изминативе години го гради и надградува.

Релативно добрата опременост на училиштето на нашите ученици им нуди можност за запознавање со нови технологии и успешна совладаност на наставните содржини. Се разбира, дека за реализација на сите позитивни активности потребна е соработка и ентузијазам од сите наставници, учениците и добра координација и организација на нашата стручна служба, а секако и добрата соработка со родителите, градот, образовните институции и целата локална заедница.

Во минатата учебна година решивме повеќе инфраструктурни проблеми кои долго нѐ измачуваа: реконструирани тоалети, нови простории за дневен престој, реновирана мала сала за Физичко и здравствено образование, училница за прво одделение, екоучилница за настава во природа... Се создаваат технички услови за модерна настава кои во наредниот период треба да бидат изразени во уште повисоки образовно-воспитни достигнувања и резултати на нашите ученици.

Посакувам нашето училиште сѐ повеќе да се отвора кон локалната и пошироката општествена заедница. Нашиот ученик и понатаму да биде во центарот на вниманието, со што ќе му овозможиме сестран развој, создавајќи услови во кои ќе ги изразува своите квалитети, способности, идеи и желби. Квалитетната соработка со родителите е потреба, за да може триаголникот ученик-наставник-родител, да функционира во сите насоки.

Постигнатото ниво на инфраструктурна и техничка опременост мораме да го одржуваме и надградуваме во соработка со соодветните институции, но и со други извори, грантови проекти, а посебно со родителите чија првенствена цел треба да биде интелектуално, но и материјално вложување во животот и работата на нивните деца. На овој начин, изминативе години, нашето училиште се развива во институција која тежи кон вонредна успешност и постојано подобрување на образовно - воспитната работа. Резултатите од таквите настојувања се согледуваат во учествата на нашето училиште во многу важни проекти и програми, со мерливите достигнувања и успесите на нашите ученици како и постојаната грижа околу уредувањето на училишната зграда и препознатливиот визуелен идентитет на училиштниот ентериер.

Зад нас се многу убави спомени и насмеани детски лица. Ќе настојуваме и понатаму, заедно со новите генерации наши ученици, да учествуваме во изградбата на поубава и посигурна иднина.

Директор

М-р Андријана Мигуловска

**НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ НА ОПШТИНСКИ, РЕГИОНАЛНИ, РЕПУБЛИЧКИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ОД ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**

**Натпревар по математика:**
**Општински натпревар по математика:**
(Ивана Атанасовска VI-5, Емилијана Џарлиев VII -1, ) **(II место),** (Елена Стојчевска VIII-1) **(III место),**
**Регионален натпревар по математика:**
(Борис Граматковски IV-5, Матеа Пеева V-2) **(I место),** (Марко Димовски IV-5, Томе Јолевски VI-3, ) **(II место),** (Михаил Бичевски IV-2, Ана Марија Нечева V-3, Мартина Силјановска V-3, Јована Танчевска VI-3, Наталија Ѓорѓиевска VII-5, Александра Ѓерасимовска VII-1, Димитар Бардакоски VIII-3, Илина Трајковска VIII-1, Драгана Петревска VIII-5) **(III место),** (Јана Србакоска V-5 Кристина Кајтез VI-2, Иво Велчевски VII -1, Павел Тасевски VIII-5 Ангела Каревска IX-1) **(пофалница)**.
**Републички натпревар по математика:**
Катерина Паскова VIII-2 **(III место),**
Кирил Стефановски VII-1, **(II место)**
**Јуниорска математичка олимпијада:**
Катерина Паскова IX-2 **(бронзен медал)**
<u>**ЕВРОПСКИ МАТЕМАТИЧКИ КУП-**</u>
<u>**Меѓународен натпревар:**</u>
Катерина Паскова IX-2 (**бронзен медал**)
**Математички натпревар „Кенгур“**
(Симона Граматковска II-2, Михаил Кајтез II-2, Михал Јовановски II-2, **(I место)**
(Матеја Ѓаковска II-2, Никола Каревски V-3, Мартина Калајџиевска V-3, **(II место)**
**(**Стефан Гилевски II-2, Мартин Ѓеорѓиевски III-4, Андре Темелковски III-4, Матеа Пеева V-2, Давор Савески V-2, Сања Наќеска V-3 **(III место) (**Филип Илиевски V-2) **(пофалница)**
**Македонски јазик**
**Републички натпревар по македонски јазик: Јана Белевска**, VII-5 одд. прва награда
**Општински натпревар по македонски јазик: Емануела Крстеска**, VII-5 одд. прва награда

**Народна техника:**
**Регионални натпревари:**
**Бродомоделарство:**
Евгенија Дивитарова **(I место)**
**Конструкторство:**
Јана Кокиноска **(II место)**
**Електроника:**
Димитри Ристевски **(II место)**
**Автоматика:**
Јован Ристевски **(III место)**
**Градежништво и архитектура:**
Владимир Бежановски **(III место)**
**Компјутерска техника:**
Дивитаров Александар IX-1 **(III место)**
**Регионалниот натпревар:**
*“Детски семафор 2016”* малата група **освои II место**, а ученикот Филип Ристевски **III место**
**Астрономија:**
Анастасија Нечоска **(II место)**
**Метеорологија:**
Теона Бибовска **(II место)**
**Применета биологија:** Андреа Костовска VIII-2 **(III место)**
**Екологија**: Кристина Котевска VIII-3 **(III место)**

**Републички натпревар по биологија:**
Наталија Ѓорѓиевска и Кирил Стефановски **(III место)**
**Регионалниот натпревар по биологија:**
Марина Талевска, Ангел Попоски, Јана Поповска, Стефан Буклиевски, од VII одд. **(II место),**
Елена Марија Трајковска, Лука Алексовски, Александра Герасимовска, Викторија Брдаровска од VII одд. и Михаела Јанкуловска од VIII одд. **(III место)**
**Општински натпревар по биологија:**
Симон Михајловски од VII одд. **(III место)**

**Меѓународен натпревар по англиски јазик во Италија** HIPPO English Language Competition**:** Томе Јолевски VI-3 **(I место)**

**Општински натпревар по природни науки VI одделение:**
Филип Здравески **(I место),**
Јована Танчевска **(III место).**

**Регионален натпревар по природни науки V одделение:** (Филип Стефановски, Давор Савевски и Мартина Силјановска) **(III место),** (Ана Марија Нечова, Георгина Веловска и Данило Талевски) **(пофалница).**
**Регионален натпревар по природни науки VI одделение:**
((Исидора Јоновска, Ивана Атанасовска. Ивона Кечевска , **(II место)), ((**Атанасија Ристевска, Василиј Тасевски, Јована Танчевска, Марко Станиновски, **(III место),** Михаела Лозановска, Јана Кокиноска, **(пофалница)**).
**Државен натпревар по природни науки V одделение:** Јана Србаковска **(II место).**
**Државен натпревар по природни науки VI одделение:**
Томе Јолевски **(I место),** Ана Трсунова- **(III место),** Симона Жирова**(пофалница**).
**Општински натпревар по биологија IX одделение:**
(Сара Бошевска, Ангела Каревска, Никола Делов и Михаил Кленковски) **(пофалница**).
**Регионален натпревар по биологија IX одделение:**
(Димитар Пешевски, Елена Стојчевска, Ангела Главеска и Ангела Петровска) **(пофалница**).
**Државен натпревар по биологија IX одделение:**
Ана Марија Мишачковска **(III место),** (Ардијана Ињазова и Катерина Смилевска) **(пофалница**).

**Натпревар по хемија:**
**Републички натпревар по хемија:**
Андреа Филевска VIII-1 **(IV место)**

**Натпревар по физика:**
**Републички натпревар:**
Паскова Катерина IX-2 **(I место)**

***Учениците***- *Евгенија Дивитарова, Емилијана Царлиев, Александра Ѓерасимовска, Ангела Дуковска, Анастас Тиловски и др. освоија **II награда** за амбалажен отпад Trash For Art.*



**СОДРЖИНА**


Сите заедно во изградба на една поубава и посигурна иднина…….................................2
Наградени ученици од натпревари...........3
Климентовци избираат квалитет...............5
Наставници за пофалба.............................6
Литературен конкурс ...............................7
Наградени ликовни творби ......................10
Климент, моќно е твоето слово................12
Професионален развој на наставниците .13
Употреба на ИКТ во наставата................14
Електронска библиотека..........................15
Успешна приказна...................................16
Флаер.......................................................18
Првачињата донираат за најмалите........20
Хуманоста - дел од нас............................21
Математиката и децата со посебни потреби....................................................22
Денот на екологијата...............................23
Каква вода пиеме.....................................24
Илјада и сто благопожелби за учителот .25
Странски јазици .......................................26
Мојот животен стил, огледало на мојот идентитет ................................................28
Маѓија на малите екрани.........................29
Спортска приказна...................................30
Убавините на нашата татковина.............31

**Награди, пофалници, дипломи за најуспешните/најдобрите ученици и наставници**

# КЛИМЕНТОВЦИ ИЗБИРААТ КВАЛИТЕТ

Во нашето училиште квалитетот се вреднува и наградува.

Прогласени најдобрите ученици за 2015/2016 учебна година кои ги задоволија критериумите, изработени од Тимот за пофалување. Прогласен и првенецот на генерацијата, ученичката Катерина Паскова од IX–то одделение, како и спортистот на година, ученичката Адријана Ињазова, исто така од IX-то одделение. Доделени и благодарници на ученици кои зедоа активно учество во наставните и вонннаставните активности.











## *Најомилен наставник*

Наставник кој направи да ја сакаме историјата, иако постои иднината.
Наставник кој со самата појава успева да измами насмевка на лицето на учениците.
Наставник кој верува во нас кога ние самите не веруваме.
Наставник кој успева да го направи секој час посебен.
Наставник кој е посакуван од сите ученици.
Наставник кој заслужува да биде омилен.
Наставник кој успеа да нè обедини
како едно семејство.
Наставник кој никогаш не успева
да остане лут на нас.
Наставник кој имаше, има и ќе има посебно
место во срцето на неговиот клас.
**Борец за сите, поим за човек!**

Вашите ученици.



**Омилен наставник-Љупчо Стојановски**

*За наставник на годината во одделенска настава, според критериумите на Тимот за пофалување и наградување избрана е наставничката Билјана Печипајковска*

## *Нашата учителка*

*Учителка! Колку мило звучи овој збор. Во него има многу љубов, ведрина и почит. Спокој, знаење и толерантност се одлики на нашата учителка. Во најраните години од нашето детство кога сите бевме по малку вознемирени, исплашени од новиот почеток во училиштето, таа внесуваше мир и разбирање кон сите нас.*



*Нé прими со широко раширени раце, нé прегрна и ни посака добре дојде. Ни ги прошири нашите хоризонти на знаење. Со неа ги научивме буквите, бројките, да читаме, да решаваме задачи, да се дружиме. За неа бевме нејзини деца, а ние во неа ја гледавме нашата втора мајка. Се грижеше за нас, дисциплината ѝ беше во прв план, нé советуваше. Несебичноста и давањето на знаење, до последен миг од училишниот час, ќе бидат врежани во нашето сеќавање, длабоко во нашата потсвест.*

*Благодариме, за сé што сторивте за нас. Ви благодариме за Вашата насмевка, за тоа што секогаш нé охрабрувавте-поддржувавте. За љубовта кон книгата која длабоко во нас ја внесовте, Ви благодариме за Вашите добронамерни критики и совети, за тоа што нашите особини ги ценевте.*

*Вашите ученици*

*За наставник на годината во предметна настава, според критериумите на Тимот за пофалување и наградување избрана е наставничката Јулија Ивановска.*

## *ИСКРЕНАТА ЉУБОВ, ИСКРЕНО ВИ ЈА ВОЗВРАЌАМЕ*

*Секој наставник е различен, но најдобрите наставници се од Климент, аособено наставничката по Англиски јазик, Јулија Ивановска*



*Наставничката Јулија е најдобрата. Знае да нè насмее, да нè научи за нови нешта во животот. Убави оцени таа пишува, секој како што заслужува.*

*Со нејзиниот силен глас, подвикнува кога не сме мирни. Но, сепак таа не сака како свои де ца. За драмски игри со неа сме први, а од секој од нас најдоброто го бара.*

*Знаеме дека искрено нè сакате и затоа на искреноста со искреност Ви возвраќаме, а со делата тоа ќе го докажеме.*

*Вашите ученици.*

# Сложни раце-среќна иднина градат



**Заедно**
Заедно, јас и ти,
ќе изградиме мост
и ќе сплотиме две вистини во една,
јас и ти, вчера и утре, сон и јаве...
Можеме, нели, заедно?!

Заедно, јас и ти
ќе ги избркаме сите сомнежи,
сите стравови ќе ги победиме,
непознатото ќе го осветлиме,
ти и јас, заедно.

Ајде, подај ми рака,
заедно да се упатиме кон иднината,
повесело е, позабавно е,
ако сме заедно,
ако сме побројни,
ако сме сите, заедно.

Сите како еден, еден како сите,
заедно ќе го вдишуваме нашето детство,
ќе ги издишуваме нашите скриени мечти,
ќе се надополнуваме, хармонично, како мелодија.

Заедно, ќе нанижеме
ѕвезди и надеж на небото,
заедно ќе навеземе искри радост на сонцето,
ќе ја обоиме иднината во шаренило,
и ода на светлината ќе создадеме **заедно**.
*Јана Белевска VIII-5* ***прва награда***



**Заедно сме посилни**
Посилни и помоќни заедно сме ние,
ајде да ја откриеме силата во нас што се крие.
За раце да се фатиме, круг да створиме,
секогаш и секаде заедно да се бориме.

Сега е мигот иднина да градиме,
сега е мигот надеж нова да садиме,
со заеднички сили светот да го разубавиме,
заедно, само добри дела да правиме.

Со различна боја, со различна лика,
колку убава би била таа слика,
слика на голем, убав, шарен цвет
слика на сложна дружина од целиот свет.

Со слога сите ќе ги победиме.
Со слога заеднички победи ќе редиме.
Со слога кавгите и караниците ќе ги нема.
Со слога за разговор ќе имаме поубава тема.
*Јана Кокиноска VII-5* ***трета награда***

**Сложни раце среќна иднина градат**
Слогата е дом во кој треба да се вселиме,
во овој наш свет никогаш да не се делиме.
„Еден за сите,сите за еден“-нашето мото гласи,
Слогата е лекот, кој сите ќе нѐ спаси.

Слогата е порака која секаде се праќа,
Слогата со среќна иднина нам ни враќа.
Слогата е мајка, која сите нас нѐ води,
слогата е бајка,од која среќна иднина ќе се роди.

Зошто наместо почеток избираме крај?
Зошто пекол кога можеме рај?
Зошто солза да се лее,
Кога може секој да се смее?

Сложни сите иднина да градиме,
Слогата секаде низ светот да ја садиме.
Слогата нашата идина да ја краси,
Слогата нашата генерација да ја спаси.
*Јована Станојовска IX-1* ***прва награда***

**Да си подадеме рака**
Да си подадеме рака
и напред во иднината да чекориме,
да си подадеме рака
и македонското знаме гордо да го водиме.

Да си подадеме рака
за подобра иднина да се роди,
да си подадеме рака
за на сите да ни годи.

Да си подадеме рака
и со луѓето од други раси,
тогаш секој од нас
светот ќе го спаси.
*Лозановска Михаела VII-5* ***втора награда***

**Подадена рака за среќна иднина**
Сите ние да си подадеме рака,
среќно да живее кој како сака.

Црни, жолти и бели
сите заедно да ги оствариме своите цели.
Среќни да ја градиме иднината наша,
да му докажеме на светот
дека секој со секого се сака.

Секое место да го направиме рај,
на нашите авантури да им нема крај.
*Михаела Нешковска VII-1* ***пофалена***

**Сложни раце среќна иднина градат**

Сите ние сме поврзани. Сите сме човечки суштества со душа полна победи и порази. Секој од нас има свое лично искуство и свој пат во животот.

Постојано размислувам што се случува со луѓето, зошто во нив има толку многу омраза? Зарем луѓето не знаат за љубов, среќа, за братство и слога? Зарем не знаат за топла подадена рака? Можат ли да најдат љубов и топлина, разбирање и соработка или дискриминацијата и омаложувањето се единственото решение?

А, зошто дискриманиција? Зошто правење разлика во полот, верата, расата? Можеби мислат дека вака ќе изградат подобар свет. Еј, зарем вака ќе креираме подобра иднина? Со безброј понижени луѓе, со правење разлика во полот, родот, верата...Не, среќен свет ќе изградиме само доколку сме сплотени сите заедно со заеднички сили!

Затоа луѓе од целиот свет, ајде заедно да го спасиме човештвото!

Ајде да научиме да се сакаме, да си подадеме рака, да живееме сложно, да не се делиме. Заедно, да го уништиме и најмалото зрнце омраза. Да изградиме совршен свет за нас, со создавање прекрасна иднина исполнета со љубов и слога. Со заеднички сили ќе ги спасиме луѓето кои се дискриминарни и омаложувани. Верувам дека ќе успееме. Повторно ќе блесне светлина врз нас, бидејќи сложни раце среќна иднина градат.

*Јована Пајковска IX-2* **втора награда**

**Сложни раце среќна иднина градат**

Иднината сме ние,
во срцата наши
разум и сила се крие.

Со сложни раце градиме
и насекаде љубов и среќа
садиме.

Сонце додека грее
и ветрец тивко вее,
ја носи песната наша
даца сме ние и иднина ваша.

*Теодора Марковска V-5*
**пофалена**



**Сите деца се другари**

Сите деца на светот
за раце се фатиле,
весело оро играле
и едно нешто сфатиле:
Не е важно каква боја имаме
црна, жолта или бела,
ние сите се сакаме
ние, децата од земјата цела!

*Александар Диневски IV-3*
**пофалена**



# Сложни раце среќна иднина градат



**Сложни раце среќна иднина градат**
Сонцето не би сакало да си изгрее
ако нема облачиња да игра.
Месечината би умрела од тага
ако без ѕвездички остане сама.

Кокичето би замрзнало од студ
ако нема топло ветре да го гали.
Поточето би застанало за час
ако нема река да му покаже пат.

Јагнето изгубено би било
ако Шарко не залае на глас.
Детето детство нема
ако не го прегрне другарчето од клас.

Сите сами ми биле тажни,
како врба би наведнале лик,
затоа да си подадеме раце
и сложно да го победиме секој предизвик.
*Леона Колтовска V-2* **прва награда**

**Иднината-тоа сме ние**
Да подадеме рака
моја и твоја,
заедно да градиме
иднина своја.

Биди другар со другар
ко брат со брат,
така смело ќе чекориме
по вистинскиот пат.

Полно срце несебичност
и добрина дарувај,
во свет со љубов, слога
и разбирање царувај.
*Лина Шеровска IV-3* **втора награда**

**Подај рака**
Другарчиња мои,
Дамјан, Ален, Ерзана,
подајте си рака,
другарство да градиме
иднина да создадеме.

Заедно да растеме,
да играме и да пееме,
за сите љубов да сееме.
Љубовта, љубов раѓа,
подадената рака
секој ја прифаќа.
*Давор Петровски III-5* **трета награда**

**Сложно оро**
Баба од мала ме учи, ми вели,
„Каде има слога таму има Бога“.
Кога бев мала, не можев да сфатам,
сега пораснав и вака ќе кажам:

Кога пеам песна, а сум сама,
песната е тогаш осамена, тажна.
Ако ја запееме таа песна сложно, заедно,
тогаш звучи побогато, поубаво.

Ако почувствувам среќа, ми дојде да се смеам,
или за нешто да се израдувам,
уште посреќно ќе се чувствувам,
кога среќата и смеата ќе ги споделам.

Затоа, заедно да заиграме, да запееме, да се смееме,
мои сложни другарчиња, подајте ги своите рачиња.
Со оро заедничко, да ја обиколиме целата планета,
зашто во нас е надежта, иднината нас, сложни нѐ чека.
*Ана Дамчевска V-2* **втора награда**

**Сложни раце, светла иднина градат**
Расправиите да ги оставиме настрана,
слогата е секогаш без маана.

Во омразата никој нема надеж,
само љубовта сѐ ќе ни даде.

Но, само кога со други ја делиме,
кога „те сакам “ некому велиме.

Кога му помагаш на другарчето твое,
кога нема твое-мое.

Само тогаш сѐ ќе имаш и сѐ ќе ти дадат,
зашто сложни раце-светла иднина градат.
*Милош Гугучевски V-1* **трета награда**

## Сложни раце среќна иднина градат!



Ѓорѓи Гајтановски V-1
**I награда**



Искра Нечаковска и Теодора Јовановска IV-3
**II награда**



**Василија Недановска II-1**
**III награда**



**Кристијан Белевски IV-3**
**III награда**

# Светлината-тоа се нашите дела



Марија Секуловска VIII-5

**I награда**



Леонид Ѓоргиевски IX-1

**II награда**



Дамјан Илиевски IX-1

**III награда**



Антониј Бешлиевски VIII-5

**III награда**

# Клименте, моќно е твоето слово !

И по 1100 години, повторно и повторно, секоја година, секој ден овој народ ти се заблагодарува за се што си направил несебично, за нашата писменост која е најскапоцениот дар што ни го подари. Од твоите мисли најдоброто го издвои и со љубов го остави зад себе, за твоите верни македонски слуги да продолжат знаење да шират.

Како спасител, учител, духовник, книжевник, педагог длабоко си почитуван и сакан. Прв, најголем писател кој започнал да ги воведува пофалните и поучни слова во словенската литература. Со напорна работа, твојата моќ, вербата и цврстината резултираат со големо исконско дело. Учеше од своите учители како што ние денес тоа го правиме учејќи од твоите дела и затоа храброста твоја ја славиме. Успеа да се избориш во макотрпната борба и на делата Кирилометодиевски бесмртност да им дадеш внесувајќи го нивниот и свој дух во Охридската книжевна школа-Првиот словенски универзитет.

Посебно место и заслуга имаш за твојата книжевна дејност која е вечна историја, а



твоите книжевни дела-свети книги со најголема вредност. Денес се уште црпиме од твојот извор непресушен, писменост сееме и со гордост името твое го споменуваме. И многу имиња се споменати, многу години изминати, низа од векови, настани, генерации, храбри јунаци со големи дела, но покрај твоето-безначајни. И уште илјадници како бисери ке се изронат, историјата на овој народ ќе се пишува и надоградува, уште многу училишта името твое ќе го носат, уште многу ученици гордо ќе кажуваат за едно свето дело и за моќта на твоето слово. Во дамарите на Охрид, во брзаците на водите шумоли и плиска, името твое, Клименте!

Светлозрачниот спомен на твоето име и дело го памети секоја генерација и со гордост го пренесува на следната. Мирот нека го успокои твоето благонаклонето лице, а далекусежните очи нека го милуваат и благословат секој нов ден со знаење, радост и милост.

Марија Гулабовска IX-5 одд.

# ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ- ПРЕДИЗВИК ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ



Живеењето во време на брзи промени и постојани иновации, ја наметнува потребата за имплементација на тие промени во образовниот систем за подобра подготовка на учениците за иднината. Нашето училиште, добро познато, како лидер во имплементација на иновации, секогаш наоѓа начини постојано да се осовременува, следејќи ги трендовите во образованието. Подготвеноста на наставниците, нивната стручност и професионалност, се должи на постојаниот професионален развој.

Од оваа година тимот кој го следи професионалниот развој е во проширен состав и веќе започна со реализација на предвидените активности за оваа учебна 2016/2017 година. Како една од суштинските компоненти во професионалниот развој е начинот на следење на обуки, работилници и конференции за наставниците и аплицирање. За таа цел се одржаа неколку работилници. Како извор на такви податоци беше презентирана програмата Еразмус+, користење на платформата E-twinning, Edmodo и слично кои овозможуваат посета на интернационални обуки како и online курсеви кои се доста корисни и применливи во наставата. Исто така, од оваа година уште повеќе акцент ќе се стави врз работата на Стручните активи кои постојано го следат напредокот на наставниците преку имплементацијата на стекнатите иновативни методи и форми на работа, знаења и искуства во наставата и споделување на истите со колегите. На тој начин наставниците се мотивирани постојано да се усовршуваат учествувајќи на голем број обуки, работилници, семинари и конференции.



# УПОТРЕБА НА ИКТ ВО НАСТАВАТА

Во денешно време компјутерите претставуваат составен дел од училниците во основното образование и се најмоќно средство за работа и извор на информации, како за самите наставници, така и за учениците. Нема подрачја во образованието во кои компјутерот не би можел да се користи.



Во нашето училиште наставата се реализира и се развива во чекор со новите технологии преку користење на десктоп компјутери, смарт табла, Intel Classmate лаптопи и таблети. За работа со ученици со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби се применува асистивна технологија. При ваквиот начин на учење учениците се чувствуваат задоволни, заинтересирани и полесно ги совладуваат наставните содржини што придонесува за побрзо и поквалитетно учење. Самото користење на ИКТ во наставата овозможува учениците да се стекнат со следните вештини:

- **Когнитивни вештини –** Учениците ги развиваат јазичните и математичките вештини и ги сфаќаат причинско-последичните односи, како да ги решаваат проблемите и креативно да се изразуваат;
- **Емоционални вештини –** Работењето на компјутер е предизвик за учениците, но и задоволство кога ќе успеат да совладаат некој проблем, односно кога својот успех ќе можат да го споделат и со другарчињата и со возрасните, со што им се зголемува самодовербата;
- **Социјални вештини –** Работејќи заедно**,** учениците разменуваат мислења и идеи, преговараат и се договараат.





# ЕЛЕКТРОНСКАТА БИБЛИОТЕКА-ВО ЧЕКОР СО ИК технологијата

Е-библиотеката е новитет во нашето училиште. Придобивките од неа се многубројни:

- Зајакнување на соработката меѓу наставниците;
- Споделување на знаења, идеи, методи на работа преку базата на податоци;
- Публикување електронски изданија на книги на социјалните мрежи;
- База од електронски изданија на наслови кои можат да ги користат учениците и наставниците.

Наставниците ја поддржаа оваа новина и во периодот што доаѓа сите ќе се потрудиме за нејзино надоградување и усовршување.







## ПОВРЗУВАЊЕ НА ДЕЦАТА СО ПРИРОДАТА

Учениците од V-2 одделение со наставничката Гордана Анастасова, во соработка со Младински културен центар-Битола, реализираа соработка преку проектот „Боите на вистинските вредности“. Во состав на проектот се реализраа повеќе едукативни работилници каде што учествуваа учениците, вработени во МКЦ и волонтери.



Една од едукавините работилници беше, Поврзување на децата со природата чија цел беше проширување на знаењата од обласа на животната средина.

Учениците на интерактивен начин заедно со двајца вработени во МКЦ, се едуцираа за потребата и начините за заштита и одржување на животната средина. Исто така учениците се запознаа со дел од билките што растат во Битола и околината и како треба да се однесуваат со нив, како да ги употребуваат и како да ги користат за заштита на здравјето. Работилницата беше интересна за учениците, тие активно учествуваа и целта беше реализирана.

## *Успешната приказна продолжува...*



За нашето училиште со гордост може да се каже дека е едно од најактивните училишта кога станува збор за пронаоѓање, прифаќање и реализирање на проекти, како интерни, така и надворешни и меѓународни.

Еден од поважните проекти кој е запишан во успешната приказна е и проектот на УСАИД – Обезбедување стимулација за училиштата и локалните заедници. Во конкуренција на 400 апликации одобрени беа 13, меѓу кои и нашата која предвидува реновирање на сите санитарни јазли за учениците во училиштето.





Оваа година имаме можност да учиме и работиме во уште поубава средина: поголем реновиран простор за дневен престој, реновирана фискултурна сала за одделенска настава, реновирана училница за прво одделение, уредени и реновирани училници, кабинети и холови.

**Учењето за производство на енергија од обновливи извори-спроведено на дело.**

Одговорните наставници заедно со хаусмајсторите, учениците и родителите ги изработуваа и ги поставија сончевите колектори на однапред договрените места. Ние сме единствено училиште во Македонија кое го користи овој изум за затоплување на училниците. Проект реализиран преку Програмата за мали грантови за училишта и градинки.








Никнуваат нови пријатни катчиња за учениците во дворот на ОУ „Св.Климент Охридски“, Битола

## КОГА СОНЦЕТО ПЕЧЕ, ПОД СЕНКА ДА ИГРАМЕ МАМА МИ РЕЧЕ !

Сите го сакаме сонцето! Тоа е многу важно за животот на сите луѓе, животни и растенија. Тоа дава топлина и светлина. Но, сонцето испушта и зраци што се многу штетни за нашето здравје. Затоа кога сонцето силно пече, сите под сенка!

Учениците добија екоучилница и можност за настава во природа, на воздух и сенка, во близина на екоградината, Климентина.






# FLAER

# FLAER

# Првачињата донираат за најмалите во градот

Како дел од одбележувањето на Детската недела и влегувањето на првачињата во Детската организација, во нашето училиште беше реализирана хуманитарна активност со учениците од прво одделение, а во соработка со локалната зедница и родителите.

Од родителите имаше донација на бебешка козметика, па тоа беше повод, заедно со учениците, да го посетиме Домот за доенчиња од нашиот град. Учениците беа видливо возбудени од посетата, а некои за првпат имаа можност да влезат во една таква установа, па кај нив возбудата беше уште поголема. При посетата учениците имаа можност да ги разгледаат просториите во домот, да се дружат со штитениците, да разговараат со вработените, но најсреќни беа поради тоа што имаа можност со скромните пакети да ги израдуваат децата и да измамат по некоја нивна скромна и срамежлива насмевка.



Излегоа од Домот со зацрвенети обравчиња и со многу нејасни прашања во малите главчиња: зошто, како, кога. Ние немаме одговор, можеби кога ќе пораснат сами ќе си пронајдат.



# Хуманоста - дел од нас

Да бидеш човек значи да бидеш хуман, да знаеш да сакаш, да бидеш сакан, да даруваш, да бидеш даруван.

Во нашето училиште често, на различни начини, се покажува хуманоста, се доживува љубовта, се дарува, прима и дава.

Нашето секојдневие е опкружено со луѓе на кои им е потребна помош од различен карактер, а луѓето се создадени да си помагаат еден на друг. Всушност нашиот народ добро рекол:,, На маката човек се познава”.



Инспирирани од проблемите, сиромаштијата кај одредени слоеви, често организираме хуманитарни акции преку кои сакаме барем малку да им помогнеме на луѓето на кои им е потребна подадена рака. Сме организирале многу акции, а со таа активност продолжуваме и оваа учебна година, така што слободно можеме да кажеме дека хуманоста стана дел од сите нас. Од многуте хуманитарни акции кои се реалзирале, ќе ја издвоиме онаа последната за собирање на зачувана и употреблива училишна униформа и училиштен прибор. Повикот го поддржаа многу хумани луѓе- ученици, наставници и навистина, беа собрани импозантен број чисти, здрави и употребливи униформи и здрав прибор. По собирањето, учениците, членови на Тимот за социјални случаи, сите униформи ги сортираа по големина, ги комплетираа и соодветно ги спакуваа , а истото го направија и со приборот.

Оваа акција беше наменета за ученици од нашето училиште, од ранливите категории, и истата ја постигна својата цел. Благата и наивносрамежлива насмевка на детските лица, топлината во погледот, нежно подадената рака ќе ги паметиме долго. Со неизмерна љубов и уште поголем елан во иднина ќе организираме уште многу вакви и слични акции. Горди сме на нашите дела, но истовремено и среќни зашто станавме дел од еден бескрајно убав ден и момент за паметење во животот на нашите другарчиња.



**Ајде, сите да си подадеме раце и заедно да си изградиме посреќна иднина!**

# Математиката и децата со посебни потреби

Во нашето училиште беше одбележан Меѓународниот ден на Белиот стап - симболот на слепиот човек признат од Организацијата на Обединетите Нации, преку отворен час.

Отворениот час по Математика, реализиран од наставничката Лидија Ш.Шунда во соработка со училишниот дефектолог, Андријана Шокларовска на тема: Решавање на алгебарски изрази, беше прекрасен пример како кога се сака може да се помогне секому, па дури и на час по Математика.





*На часот се користеа посебен вид очила кои ги симулираат болестите на очите и видот, донирани преку проектот Деца со оштетен вид.*





*Успешната и долгогодишна соработка со Лајонс клубовите продолжува.*



*Гостин на часот преставник од клубот Кабадаја.*

# Денот на екологијата одбележан на повеќе начини

Денот на екологијата, како и секоја година, во нашето училиште се одбележува на пригоден начин со соодветни активности. Така и оваа година беа изведени повеќе драмски и музички точки чија цел беше да ни ги пренесат екопораките и да ја разбудат еколошката свест во сите нас. Настаните беа проследени со големо внимание и се надеваме дека пораките се испратени во вистинско време и на вистинско место.





## Обоиме во пријател





Одбележување на Денот на лица со посебни потреби - 3 ти Декември



Сини предмети за лицата со аутизам



Предавање: Стоп за насилството врз децата со посебни потреби (реализатор, Андријана Шокларовска)

# КАКВА ВОДА ПИЕМЕ?

По повод 22-ри Март - Светскиот ден за заштеда на водата, учениците од VIII и IX одделение, заедно со предметниот наставник по хемија, Бојана Д. - Гоновска и одделенските наставнички, Јасна Ј. - Гулевски и Светлана Јовановска, беа во посета на пречистителната станица за вода во с. Диово. Целта на посетата беше запознавање на децата со начинот на пречистување на водата за пиење и нејзината дистрибуција до нашите домови.



Учениците се запознаа со методите за бактериолошко и хемиско пречистување на водата, филтрирање со песочни филтри, компјутерскиот систем со кој управуваат стручни лица и ни ја доставуваат водата за пиење.





# Илјада и сто благоповелби за учителот

По повод Светскиот ден на учителот, на 05.10.2016. година, во Педагошкиот факултет-Битола се одржа доделувањето на наградите и благодарниците за литературните творби и цртежи посветени на ,,Учителот-светиот, упокоен пред верно 1100 години, Климент, од Охрид".



Прекрасниот амфитеатар на академијата, како добар домаќин, ги угости многубројните ученици, роднокрајните поети, писатели и добронамерници од нашиот град и пошироко.

На бината, гордо се слушна и името на нашето училиште „Св.Климент Охридски". Заслугата им беше припишана на нашите ученици-младите литературни и ликовни творци, од одделенска и предметна настава. Нивните великоповелни стихови силно одѕвонаа низ етерот, а ликовните творби заблескаа во изложбеното катче со сета своја симболичност. Сите учесници беа почестени со благодарници и подароци. Задоволството беше неповторливо. Никој не си замина со празни раце. За да биде уште понезаборавно, беа изведени прекрасни музички композиции на клавир, а воодушевувачките говори на ректорите, професорите, наставниците, уметниците, никого не оставија рамнодушен.



Светлината на учителот, уште еднаш го покажа вистинскиот пат по кој треба да чекорат младите генерации-писменоста и напредокот, словото наше насушно.



# Interview with “HIPPO 2016” winner Tome Jolevski

**.What is HIPPO, can you explain us more about the competition?**

♦ HIPPO is an English competition with competitors from all over Europe. There were four tests: listening, speaking, reading and writing. The top 10 competitors from all the participating countries go to the super finals in Lido Di Jesolo, Italy.

**. How was it in the international finals in Lido Di Jesolo, Italy?**

♦ Lido Di Jesolo is a beautiful city. I actually had a whole free day to explore and go shopping. I went to an aquarium, a museum even a Ferris wheel ride! The exam was hard, but it was well worth it. I won the first prize, a medal and a week in an Italian summer camp.



**. What did you do and learn in the summer camp in Italy?**

♦ I had a lot of fun. It was in a little mountain village called Folgaria, on the Alps. It was beautiful and peaceful. There were a lot of tourists there. We played sports, rode bikes and went on walks through the forests and mountains. It was great. I met a lot of people from all around the world and we had many delightful conversations .This was a great experience for me and I'm glad that I had a chance to promote my school and home town in Italy.






**„Umdenken – von der Natur lernen“ ist eine Ausstellung über die Bedeutung der vier Elemente Wasser, Feuer, Erde und Luft für den Menschen.**

Die Ausstellung richtet sich an Deutschlernende ab 12. Jahren, aber auch an alle, die am Thema Umwelt Interesse haben.
Wasser, Feuer, Erde und Luft machen Leben möglich. Die Menschen haben gelernt, sich diese Elemente zunutze zu machen. Dadurch entstand Fortschritt. In seinem Enthusiasmus, die Natur zu bändigen, hat aber der Mensch vielerorts das natürliche Gleichgewicht gefährdet oder endgültig zerstört. Wenn wir weiterhin optimistisch in die Zukunft blicken wollen, müssen wir UMDENKEN!
Am 22/09/2016 haben die Schuler aus 7-te Klasse, die die deutsche Sprache lernen in Skopje die Ausstellung besucht. Die Ausstellung fand in der Universitätsbibliothek in Skopje statt.






# LE FRANÇAIS

Французите од VII-2 и VII-3 беа особено вредни за овогодишниот велигденски панаѓур. Тие имаа свој штанд и на него можеше да се најде се и сешто во врска со Франција и со францускиот јазик. За оваа цел соработуваа со Францускиот Институт (InstitutFrançais).



Les français de VII-2 et VII-3 ont beaucoup travaillé pour le foire de Paques. Ils avaient son propre stand sur lequell on pouvait trouvrer des objets et de.
Тие добија пофалби од страна на директорката и други вработени во училиштето. Имаа изработено брошури во (врска со бизнис, образовните и културните можности наФранција) кои им ги раздаваа на помладите ученици за да се заинтересираат воизучувањенафранцускиот јазик.
La directrice et les autres professeurs ont soutenu leur travail. Les élèves ont fait une brochure (les enterprises et les métiers du futur) et cette brochure a été



# Мојот животен стил, огледало на мојот идентитет

Животниот стил и идентитетот ни овозможуваат да го правиме тоа што го сакаме ние, ни овозможуваат да не сме исти со другите луѓе. Исти, во смисла на исти мислења и сфаќања. Мислења и сфаќања, кои можат да ни бидат слични, но сепак различни со друг. Тоа покажува дека сите сме различни едни од други и дека имаме различни ставови.



Се наоѓам во еден период во кој се случуваат незаборавни нешта, нешта по кои се памети овој период. Да, тоа е незаборавниот период од детството, кое отсекогаш било најубаво, но и засекогаш ќе биде. Во овој период, родителите се грижат за нас, со тоа што прават сé најдобро и најубаво за нас. Благодарение на нив, јас го постигнав ова ниво, ниво на успехот.

Во секоја националност, како и во мојата, -македонската, се почитува традицијата. Некои ја негуваат со тоа што посетуваат фолклорни групи, како мене на пример.

Политичкиот идентитет го има и во нашата држава. Него го почитуваат возрасните. Ние, децата, не можеме да го откриеме затоа што сме малолетни. Исто така и професионалниот идентитет важи само за возрасните кои се вработени во некои институции.



Семеен идентитет имаме сите, затоа што сме се родиле и живееме со родители и најблиски. Во секоја држава, во секој дел од неа, се почитува и културниот идентитет, бидејќи во секое подрачје се почитуваат правилата.

Животниот стил и идентитетот, никој не може да ги промени, како што никој не може да ме промени мене, а и сите околу мене. Тоа што сум јас, никој не е! Живеам со мој животен стил кој е непроменлив. Никој не е ист со мене, а нема ни да биде! Никој не ти забранува да правиш убави и корисни нешта, затоа немој и ти нему!

*Ангела Дуковска VII – 3 одд.*







# МАГИЈА НА МАЛИТЕ ЕКРАНИ





**Посета во ТВ Орбис**

Многу интересен настан за учениците од второ одделение беше посетата на телевизија „Орбис“. Младите љубопитни очи најмногу ги привлече студискиот





како и преточувањето на сним
тажа, па до целосна слик
ија. Постојаните истражув
беа упатувани во секој
та кои сами по себе им
аа, беа доволен повод и моти
интерес да биде уште пог
Забележаа како и на кој н... се снимаат информативните емисии,
како и останатите емис





# Спортска приказна

## *Победите носат гордост, поразите поттик*

Мојата приказна, во која главната тема е спортот, започнува уште од раното детство. Нејзините страници се зголемуваа како растев, а растеше и мојата љубов кон топката. Таа љубов трае до денес и со секој нов ден сѐ повеќе се зголемува.



Мојот омилен клуб, Барселона, неговите победи и подвизи, ме поттикнаа и јас да започнам со редовни тренинзи. Првиот тренинг го имав на седумгодишна возраст, а денес веќе не им го знам бројот. Сега сум член на фудбалската школа Форца, а моето место е на голманската позиција. Тоа е позиција за која многумина мислат дека е лесна, но јас велам дека секоја позиција си има своја тежина која бара многу работа, труд, но пред сѐ многу љубов. Горд сум на секоја моја успешна одбрана, вознемирен на секој примен гол, но како што велат моите тренери, поразот треба да ни дава сила и мотив да продолжиме со работа и да бидеме уште подобри.

Го сакам спортот, се трудам да бидам успешен и ќе продолжам да работам зашто сигурен сум дека успехот ќе ме следи и понатаму.

Јован Петровски



# Убавините на нашата татковина

*(Екскурзија низ Македонија, генерацција 2016/17)*

Успешно организирана екскурзија и оваа година. Екскурзија исполнета со смеа, многу забава и дружење. Како и секоја година, беа посетени многуте природни убавини на Македонија како: градот Охрид, главниот град Скопје, Вевчани, Струмица, повеќе манастири од кои најголем впечаток ни остави Св. Јован Бигорски. Како последна година во ова училиште, екскурзијата беше уште еден начин за меѓусебно дружење. За само три дена успеавме да се соединиме како вистинска генерација. Нашето дружење продолжи и во училишните ходници.







